Врз основа на член 63 став (4) и член 68 став (5) точка а) и д) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 180/2019 и 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 27.4.2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ПРЕНОС НА СРЕДСТВА МЕЃУ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

## Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник поблиску се уредуваат:

а) преносот на средствата (пренос од една на друга индивидуална сметка) меѓу задолжителните пензиски фондови со кои управуват различни друштва за управување со задолжителни пензиски фондови и/или друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштва) и видот на податоците што се доставуваат помеѓу различните друштва во постапката за пренос и

б) постапката на повлекување на средствата од посебната сметка (пренос од индивидуална потсметка на индивидуална сметка) и известувањата и податоците што треба да се доставуваат во постапката на повлекување на средства.

## Постапка за пренос и повлекување на средствата

### Член 2

(1) Средствата од индивидуалната сметка во еден задолжителен пензиски фонд се пренесуваат на индивидуална сметка во друг задолжителен пензиски фонд, откако член на постоен задолжителен пензиски фонд станал член на друг задолжителен пензиски фонд.

(2) Средствата од индивидуалната потсметка на посебната сметка (во натамошниот текст: потсметка) се пренесуваат на индивидуалната сметка во задолжителниот пензиски фонд, откако времено распределениот осигуреник станал член на задолжителен пензиски фонд.

### Член 3

(1) Доколку осигуреникот го избере истиот задолжителен пензиски фонд во кој била отворена потсметката, друштвото отвора индивидуална сметка на име на членот и веднаш ги пренесува средствата од потсметката на индивидуалната сметка во задолжителниот пензиски фонд заедно со сите поврзани податоци, согласно одредбите за содржината и начинот на водење на евиденцијата за индивидуалните сметки на секој член на задолжителниот пензиски фонд од Правилникот за индивидуални сметки.

(2) Доколку осигуреникот не го одбере истиот задолжителен пензиски фонд во кој е отворена потсметката, друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд во кој е отворена потсметката ги пренесува во задолжителниот пензиски фонд кој го одбрал осигуреникот, средствата од потсметката заедно со сите поврзани податоци, согласно одредбите за содржината

и начинот на водење на евиденцијата за индивидуалните сметки на секој член на задолжителниот пензиски фонд од Правилникот за индивидуални сметки.

Член 4

Откако член на постоен задолжителен пензиски фонд станал член на друг задолжителен пензиски фонд друштвото кое управува со постојниот задолжителен пензиски фонд ги пренесува во идниот задолжителен пензиски фонд средствата од индивидуалната сметка заедно со сите поврзани податоци, согласно одредбите за содржината и начинот на водење на евиденцијата за индивидуалните сметки на секој член на задолжителниот пензиски фонд од Правилникот за индивидуални сметки.

Член 5

При преносот на средствата од еден на друг задолжителен пензиски фонд се применуваат одредбите од член 8 и 9 од овој правилник.

Член 6

(1) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) до друштвото доставува податоци за сите времено распределени осигуреници во задолжителниот пензиски фонд со кој друштвото управува, а кои станале членови на друг задолжителен пензиски фонд и за сите членови на постојниот задолжителен пензиски фонд кои преминале во иден задолжителен пензиски фонд.

(2) Врз основа на податоците од став (1) на овој член друштвото изготвува листа на сите потсметки и индивидуални сметки што треба да бидат пренесени со податоците поврзани со нив, бројот на сметководствени единици на секоја потсметка и индивидуална сметка, податоците за вредноста на средствата на секоја потсметка и индивидуална сметка и податоците за вкупната вредност на сите потсметки и индивидуални сметки во денари.

(3) Вредноста на средствата на секоја потсметка и индивидуална сметка се пресметува и претвора во денари врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка што претходи на датумот на доставување на листата од став (2) на овој член до друго друштво.

(4) Друштвото ја доставува листата од став (2) на овој член до 16:00 часот на датумот што претходи на датумот на пренос до идното друштво преку информацискиот систем на Агенцијата во форматите на датотеките и типот на податоци определени во техничко упатство што го изработува Агенцијата.

(5) Друштвото до чуварот на имот ги доставува сите потребни податоци за евидентирање и реализирање на преносот на средствата помеѓу задолжителните пензиски фондови во однапред меѓусебно договорен формат.

(6) Доколку едно или повеќе друштва не ги достават листите од став (2) на овој член во рокот предвиден во став (4) од овој член, постапката на пренос се прекинува и се одложува за датумот кој предходи на датумот на нареден пренос.

Член 7

Врз основа на листата од член 6 став (2) на овој правилник, идното друштво ги претвора денарските средства во сметководствени единици врз основа на вредноста на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд со кој управува, на датумот кој претходи на датумот на пренос.

Постапка за утврдување и порамнување на средства

Член 8

(1) Друштвата меѓусебно го договараат начинот на порамнување на средствата и преносот на податоците на датумот на пренос од член 9 на овој правилник.

(2) Порамнувањето се врши по направените пресметки врз основа на податоците за потсметките и индивидуалните сметки од листата од член 6 став (2) на овој правилник.

(3) На датумот на пренос друштвото го известува чуварот на имот и дава налог за пренос на нето износот што едното друштво треба да го пренесе во другиот задолжителен пензиски фонд, врз основа на направената пресметка.

(4) Врз основа на налогот, чуварот на имот веднаш го пренесува потребниот нето износ на сметка на идниот задолжителен пензиски фонд.

(5) Преносот треба да се изврши во услови кои обезбедуваат сигурност и заштита на податоците од индивидуалните сметки.

(6) Заедно со средствата кои се пренесуваат, друштвото кое управува со постојниот задолжителен пензиски фонд ги пренесува во идниот задолжителен пензиски фонд и сите поврзани податоци од индивидуалната сметка.

(7) Друштвата доставуваат известување до Агенцијата во врска со извршениот пренос на податоците и начинот на порамнување на средствата наредниот работен ден кој следи по датумот на пренос. Известувањето до Агенцијата ги содржи податоците наведени во Извештајот за пренос на средства согласно Техничкото упатство за доставување на годишна архива и извештаи од базите на податоци кои ги одржуваат пензиските друштва.

Член 9

Преносот на средствата од еден во друг задолжителен пензиски фонд се врши секој 15-ти ден во месецот или наредниот работен ден доколку 15-тиот ден во месецот е неработен ден.

Член 10

Во случај на доцнење или на други неправилности при преносот на порамнетиот износ друштвото кое го врши преносот ги надоместува настанатите разлики во износот на пренесените средства.

Постапка за исправка

Член 11

(1) Доколку податоците за потсметките или индивидуалните сметки од член 6 став (2) на овој правилник не се точни или друштвото не ги достави податоците во рокот наведен во член 6 став (4) од овој правилник, друштвото кое ги изготвило врши исправка на податоците при наредното доставување на податоци за потсметките и индивидуалните сметки.

(2) Доколку помеѓу датумот на доставување на податоците за потсметките и сметките од член 6 став (4) од овој правилник и наредното доставување на податоците во вредноста на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд од кој се пренесуваат средствата се намалила, друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд ја надоместува од сопствените случај на пренесување на помал износ од точниот заради грешка или ненавремено доставување, средства загубата на разликата помеѓу точниот износ кој требало да се пренесе и пренесениот износ, предизвикана од намалувањето на вредноста на сметководствената единица.

(3) Доколку помеѓу датумот на доставување на податоците за потсметките и сметките од член 6 став (4) од овој правилник и наредното доставување на податоците во случај на пренесување на поголем износ од точниот заради грешка, вредноста на сметководствената единица на задолжителниот пензиски фонд во кој се пренесуваат средствата се намалила, друштвото кое управува со задолжителен пензиски фонд од кој се пренесуваат средствата ја надоместува од сопствените средства загубата на разликата помеѓу пренесениот износ и точниот износ кој требало да се пренесе, предизвикана од намалувањето на вредноста на сметководствената единица.

Завршни одредби

Член 12

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија”.

(2) Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за пренос на средства меѓу задолжителни пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2013) .

Бр. 01-677/5 — Совет на експерти

28 април 2023 година — Претседател,

Скопје — Максуд Али, с.р.